# Земјоделските работници – тивка жртва на пандемијата?



**Пандемијата со Ковид-19 предизвика македонската економија да се намали во просек за 9.1% во вториот и третиот квартал од 2020 година, но невработеноста благо се намали, како резултат на деактивирањето на работната сила во време на кризата и на владините мерки кои целеа да се зачуваат работните места. Во земјоделскиот сектор, движењата беа обратни: производството во секторот, во истиот период, порасна за 4.6%, но беа изгубени близу 21 илјада работни места. Како резултат, одработените часови се намалија за 28%, а доходот од плати за 16%. Оттука, земјоделските работници беа и најсилно погодени од Ковид-19 кризата, и најмалку заштитени од владините мерки.**

Бриф за политиките бр. 46

**Овој бриф за политиките ѝ препорачува на Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги информираат и интегрираат регистрираните земјоделци во мерката „14.500 денари по работник“, како и да го прошират опсегот на еднократните грантови за мали земјоделски стопанства кои искусиле пад на прометот во текот на пандемијата.**

## ПРОБЛЕМ

Пазарот на труд во Северна Македонија забележа специфични движења за време на пандемијата од коронавирусот Ковид-19. Помеѓу крајот од првиот квартал од 2020 (кога пандемијата отпочна) и крајот од третиот квартал (последни расположливи податоци), вработеноста се намали од 48.1% на 46.6%, што е еднакво на близу 26 илјади изгубени работни места или околу 3% од вкупниот број вработени. Во истиот период, невработеноста благо се намали, од 16.7% на 16.5%. Според тоа, во време на пандемијата, деактивацијата на работната сила на пазарот беше многу силна, односно и лица кои губеа работа и невработените лица кои претходно барале работа, се откажале од понатамошно барање. Тоа е разбирливо со оглед на затегнатоста која настана на пазарот на трудот поради ширењето на коронавирусот, и затворањето на секторите со висок ризик од пренос на заразата (угостителство, трговија, рекреација) и на оние зависни од увоз и извоз (транспорт, некои гранки во преработувачката индустрија).

Во истиот период, Владата интервенираше со палета мерки спакувани во четири пакети помош за економијата и граѓаните, од кои за пазарот на трудот клучна беше една мерка: доделување субвенција од 14.500 денари по работник во компаниите кои искусиле пад на прометот повисок од 30% во критичните месеци, споредено со просекот од 2019 година. Нашата оценка на оваа мерка за периодот април-јуни 2020 покажа дека таа била клучна да се спасат околу 60 илјади работни места од проценетите 75 илјади кои биле на раб да бидат

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
FINANCE THINK
LAG AGRO LIDER

изгубени, во секторите трговија, угостителство, забава и рекреација, градежништво и преработувачка индустрија. Со тоа, мерката вбризга во економијата над 70 милиони евра во споменатиот период, од вкупната сума на вбризгани околу 200 милиони евра со првите три пакети мерки. Се проценува дека мерките спасиле 70-80% од изгубениот доход на граѓаните; особено мерката од 14.500 денари по работник, која беше насочена кон вработените лица, односно оние лица кои се во заснован работен однос или во т.н. регистрирана вработеност. Според Агенцијата за вработување, тој број во Северна Македонија е околу 600 илјади лица, што значи дека мерката била клучна за да зачува околу 10% од регистрираните вработени кои инаку било извесно дека ќе ги изгубат своите работни места.

И додека од ваквата поставеност на политиките за спас на економијата и работните места во време на Ковид-19 постои простор клучните чинители да бидат задоволни, во економијата има контингент од работници кои се силно погодени од коронакризата, а за кои владините мерки не работеле со ист интензитет како и кај другите сектори – ***земјоделските работници.***

Во 2019 година, земјоделството учествуваше со 9.4% во вкупната додадена вредност и вработуваше 13.9% од вкупниот контингент вработени. Во време на пандемијата – вториот и третиот квартал од 2020, земјоделството продолжи да расте со просечна стапка од 4.6% во однос на истиот период од 2019. Но, во истата споредбена димензија, земјоделството изгуби скоро 21 илјада работници, додека вкупната економија изгуби само 8 илјади. Тоа имплицира дека во време на пандемијата други сектори креирале работни места, поради што во агрегатна бројка, бројот на изгубени работни места е скоро трипати помал од изгубените земјоделски работни места.

## ЦЕЛ

Целта на овој бриф за политиките е да фрли светло врз движењата на пазарот на труд кај земјоделските работници во време на пандемијата со Ковид-19.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Брифот користи пристап на дескриптивна статистичка анализа врз микроподатоци, кои беа пристапени преку официјално барање за работа во заштитената соба на Државниот завод за статистика. Користени се податоци од Анкетата на работна сила за вториот и третиот квартал од 2019 и 2020 година – вкупно четири квартали, така што споредбените бројки се на годишно ниво: пандемискиот период (втор и трет квартал 2020) во однос на претпандемискиот период (втор и трет квартал 2019). Ова е особено важно од перспектива на сезонскиот карактер на земјоделството, така што споредба на пандемискиот период со просекот од 2019 години би ја искривил сликата.

За целите на анализата, земјоделските работници ги опфаќаме на два начина: 1) како целокупниот земјоделски сектор, односно кодовите од 0111 до 0322, од Националната класификација на дејностите (НКД) Рев.2; и 2) како занимање квалификуван работник во земјоделството, шумарството и рибарството, односно класата 6 во меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO 08.

Дополнително, квантитативните наоди ги збогатуваме со квалитативен поглед. За таа цел, организиравме три фокус групи со вкупно вкупно 16 лица, чие регрутирање следеше структуиран тек. Имено, за учесници на фокус групите беа избрани лица кои се занимаваат со земјоделство, како регистрирани индивидуални земјоделци кои работат за сопствена сметка или се вработени во земјоделски друштва, но и лица кои се занимаваат со земјоделска дејност но не се регистрирани земјоделци, односно се неплатени семејни работници.

## РЕЗУЛТАТИ

***Земјоделските работници се најпогодени според изгубените работни места***

Во време на пандемијата со Ковид-19, земјоделскиот сектор изгуби 20,776 работници (Табела 1). Според занимање, бројот на изгубени работни места е 11,661, со оглед дека во склоп на земјоделскиот сектор не сите занимања се непосредно земјоделски. Но, и во двете димензии, уделот на изгубени работни места е 19.3% и 18.2%, соодветно. За споредба, бројот на изгубени работни места во секторот преработувачка индустрија, во истиот период, е нешто над илјада, во градежништвото околу 2.5 илјади, во транспортот 2 илјади, додека во угостителството бројот е задржан, а во трговијата се забележува зголемување од 4.5 илјади работни места.

**Табела 1:** Број на земјоделски работници

| | Според сектор | Според занимање |
|---|---|---|
| Пред пандемијата | 107,656 | 63,994 |
| За време на пандемијата | 86,879 | 52,333 |
| | | |
| Изгубени работни места | 20,776 | 11,661 |
| | 19.3% | 18.2% |

***Извор:*** *АРС.*



## *Карактеристиките на земјоделските работници го отежнуваат ударот од кризата*

Земјоделските работници се одликуваат со низа ранливости кои ги прават подложни на ударот на кризата и, оттука, со отежнет пристап до стандардните мерки кои владите ги употребија за зачувување на работните места во сите сектори. Скоро половина од земјоделските работници (48.3%) се вработени за сопствена сметка, што во земјоделството подразбира самостојни земјоделци кои уплатуваат персонален данок и социјални придонеси во свое име и за своја сметка, со цел да се стекнат со правото на земјоделска пензија по исполнување на пропишаните услови. Дополнителна третина се неплатени семејни работници, додека само 16.2% работат кај работодавач за плата (слика 1, горе лево). Оваа структура се рефлектира и кај формалноста на работните места: имено поради доминантноста на вработените за сопствена сметка и неплатените семејни работници, 59.5% од вработените се нерегистрирани и/или немаат писмен договор за вработување (слика 1, горе десно). Поради истата причина, 49.4% известиле дека малото земјоделско стопанство нема регистрирани вработени (слика 1, долу лево), а 15.7% дека работат на скратено работно време (слика 1, долу десно).

**Слика 1:** Земјоделските работници според неколку карактеристики




***Извор:*** *АРС.*

Оттука, станува јасно дека мерките кои властите ги спроведуваа во време на Ковид-19 за зачувување на работните места, првенствено мерката „14.500 денари по работник", но и мерката за субвенционирање на најмногу 50% од социјалните придонеси, не можеле да бидат искористени од страна на земјоделските работници. Тие мерки бараа корисниците да бидат формални работници, со писмен склучен договор за вработување, кој работи во фирма која искусила пад на прометот поголем од 30% во однос на 2019. Клучната мерка ги опфаќаше самостојните вршители на дејност, но останува отворено прашањето за информираноста кај регистрираните земјоделци околу опцијата да аплицираат за мерката, особено имајќи предвид дека голем дел од нив не користат услуги на сметководствени бироа.

На овие проблеми укажаа и квалитативните наоди:

*„Јас сум регистриран како самостоен вршител на дејност, и од Владата зедов само ваучер за домашни производи, а за оваа мерка (14.500 денари по работник, н.з.) не знам ниту дали можам да ја користам, ниту како да аплицирам.“* – ***индивидуален земјоделец***

Сепак, земјоделските работници, особено нерегистрираните и неплатените семејни работници, можно е да станале подобни за мерките против Ковид-19 кои се однесуваа на граѓаните директно, и тоа проширувањето на опфатот на гарантираната минимална помош и еднократната парична помош. Немаме податок за тоа колкав дел од овие средства отишле кај земјоделски домаќинства и работници. Но, и кај овие мерки, квалитативните наоди укажуваат на несоодветност на типот и на временскиот распоред на земјоделската работа:

*„Ние добивме ваучери за летување, но кога да го искористиме? Секој ден во летниот период сме на нива, не можеме да заминеме неколку денови, тутунот ќе овене.“* – ***тутунопроизводител***

### *Најмногу изгубени земјоделски работни места се од вработени за сопствена сметка и неплатени семејни работници*

Слика 2 покажува дека губењето на работните места кај земјоделците ја следи структурата на работните места. Така, половина или повеќе од изгубените работни места се од вработени за сопствена сметка, следено со третина или повеќе кај неплатените семејни работници.

**Слика 2:** Изгубени земјоделски работни места




***Извор:*** *АРС.*

### *Земјоделските работници изгубиле многу од својот доход од плати, како и од работните часови за време на пандемијата*

Неколку важни показатели за земјоделските работници на пазарот на труд за време на пандемијата се дадени во Табела 2. Тие изгубија 25.2% до 28.3% од обемот на одработени работни часови пред пандемијата, што е скоро двојно повеќе од обемот изгубен кај останатите работници (16.6%). Дополнително, тие изгубија 13% до 16.1% од масата на плати која ја заработувале пред кризата, споредено со другите сектори кои во просек забележале пораст на оваа маса од 9.4%. Последново повторно укажува дека мерките на владата за зачувување на работните места одиграле значајна улога во останатите сектори, а земјоделскиот сектор бил силно удрен од кризата но не наишол на соодветна владина заштита.





**Табела 1:** Број на земјоделски работници

| | | Промена во пандемијата | |
|---|---|---|---|
| | | Земјоделски работници | Сите работници |
| Изгубени работни часови | Според сектор | -28.3% | -16.6% |
| | Според занимање | -25.2% | |
| Број на работници со намалување на бројот на работни часови | Според сектор | 27.8% | 155.8% |
| | Според занимање | 31.0% | |
| Просечна плата | Според сектор | 2.4% | 6.3% |
| | Според занимање | -3.1% | |
| Изгубена маса на плати | Според сектор | -13.0% | 9.4% |
| | Според занимање | -16.1% | |

***Извор:*** *АРС.*

Квалитативните наоди укажуваат дека други мерки кои имале директна цел да го спречат ширењето на вирусот, негативно се одразиле врз доходот и одработените часови на земјоделските работници. Поконкретно, мерката на Владата и/или на локалната самоуправа за затворање на зелените пазари со цел спречување на ширењето на коронавирусот, директно ги погоди малите земјоделци што ги продаваат своите производи преку овој канал:

*„Производите што ги одгледуваме, ги продаваме на пазарот во Прилеп. Но, Општината го затвори на крајот на март, па немаше каде да го продаваме зеленчукот и остана така на нивата. А ние останавме без парите што ги заработуваме преку продажбата.“* ***– земјоделец***

*„Можам да кажам дека со затворање на пазарот, ние останавме без работа. Не одевме ниту на нива да ги одгледуваме плодовите. Што ќе ги одгледуваме, кога нема каде да ги продаваме?“ -* ***земјоделец***

Но, ако се погледне просечната нето плата во секторот земјоделство (Слика 3), ќе се забележи дека таа растеше многу слично, а во некои месеци и повеќе од порастот на националниот просек. Споредбата на растот на просечната плата со изгубената маса на плати во земјоделството покажува дека кризата главно влијаеше врз намалување на работните места, но не и врз платите на тие места кои опстоиле. Имено, платите на згаснатите работни места веќе не се сметаат во просекот, па тој или останува непроменет или расте ако останатите плати се поголеми, а не доживеале промени во текот на кризата. Веројатно е дека дел од остатокот регистрирани работни места биле поддржани со некоја од владините мерки, но контингентот на изгубени работни места е многу голем и придонел за голем дел од доходот од плати во земјоделството да биде изгубен.

**Слика 3:** Просечна месечна нето плата




***Извор:*** *ДЗС: Административни податоци.*

***Младите земјоделци се најпогодени од коронакризата. Високообразованите земјоделци се најмалку погодени***

Набљудувани по неколку клучни карактеристики на земјоделските работници, загубите во земјоделството за време на Ковид-19 откриваат интересни текови (Слика 4). Најмногу работни места, и оттука работни часови, се изгубени меѓу младите земјоделски работници (15-29), но загубите се значајни и кај другите две возрасни групи. Мажите и жените се подеднакво погодени. Според образование, загубите се најголеми кај земјоделците со средно образование, но не многу различни од тие со основно и без образование, но високообразованите се најзаштитени. Гледано според секторот (а не занимањето), високообразованите земјоделски работници забележаа пораст и на работните часови и на доходот.



**Слика 4:** Изгубени часови и доход, според клучни карактеристики на работниците




***Извор:*** *АРС.*

### *Ограниченото движење и затворените училишта понегативно се одразија врз земјоделците отколку врз останатите работници*

Земјоделците, особено големите, се соочија со недостиг од работна сила и сезонски работници, заради ограничувањата за движење и тешкотиите за организација на транспортот и логистиката. Тоа придонесе за намалување на обемот на производство, на доходот и на работните часови:

*„Изминатите години ангажиравме лица да помагаат во процесот на производство на тутунот. Ама, годинава не можеа да доаѓаат во деновите кога беше воведен карантин, затоа што тие не се регистрирани земјоделци, а требаше да доаѓаат од соседните села или од Прилеп.“ -* ***тутунопроизводител***

*„Ние имаме ангажирано над 20 хонорарни работници, на кои освен дневница им обезбедуваме и транспорт и храна. Но, ни беше страв прво нам, а и на повеќето од нив, да се собираме сите во исто комбе, па одлуливме да го намалиме производството и да произведеме онолку колку што можеме фамилијарно. Замислете колку помалку е тоа во споредба со претходни години, кога работевме 30-тина луѓе.“* ***- земјоделец***

Земјоделците кои своите производи ги пласираат на претходно договорен откуп стравуваат дека при предавање на производите ќе се соочат со ризик од зараза со коронавирусот.

*„Ние имаме потпишан договор за откуп на тутунот уште пред почетокот на пандемијата, така што не стравуваме дали ќе го продадеме производството. Но, секогаш при предавање на тутунот се прават големи гужви, па стравот од зараза е голем.“ –* ***тутунопроизводител***

Затворањето на училиштата, градинките и центрите за ран детски развој доведе до зголемување на неплатениот семеен труд кај земјоделците, особено жените-земјоделки, но и зголемена експлоатација на трудот од децата.

*„Имаме две деца, ученици во основно училиште. Бидејќи не одат на училиште, ги носиме и нив на нива, па помагаат колку можат.“ –* ***земјоделец***

*„Одам на нива, учам заедно со децата, им помагам околу училишните обврски, готвам, чистам.... работам 24/7.“* ***–*** ***земјоделка***



**ПРЕПОРАКИ**

Со оглед дека земјоделскиот сектор и работници беа силно погодени од пандемијата со Ковид-19, а притоа останаа најмалку заштитени од мерките на Владата, неопходно е итно внимание од страна на Владата и ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Најважно, неопходно е да се размисли во дизајнот на мерката „14.500 денари по работник" да се внесат одредби кои ќе ја направат мерката пристапна за регистрираните земјоделци. Дури и да се задржи моменталниот дизајн, неопходно е мерката подиректно да ги таргетира регистрираните земјоделци, преку административните регистри на државата, за до нив да стигне оваа помош.

По примерот на еднократните грантови за игротеки, салони за убавина, ресторани за свадби и ноќни клубови, неопходно е да се размисли за еднократни грантови за мали земјоделски стопанства кои ќе документираат пад на нивниот промет.

Конечно, во септември 2020, Finance Think подготви [Брошура со мерки за финансиска поддршка на жените земјоделки], која ги презентира мерките кои стојат на располагање за земјоделските работнички и нивните земјоделски стопанства, од кои поголем дел беа на располагање и во преткризниот период. Неопходно е ресорното министерство да размисли за зголемување на опфатот на овие мерки преку евентуално релаксирање/ревидирање на некои од критериумите кај мерките, како и дизајнирање придружни мерки кои дополнително би го поддржале доходот на примателите во време на Ковид-19.

Последно, но не помалку важно е зголемување на информираноста на земјоделците за расположливите програми и мерки за поддршка на земјоделството, преку лични посети, дистрибуција на печатени материјали, отворање информативни корнери, особено во руралните средини каде информираноста е на исклучително ниско ниво, а пристапот до електронски и печатени медиуми ограничен.



FINANCE THINK OUT OF THE BOX

HR EXCELLENCE IN RESEARCH

**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да го подобриме влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

FINANCE THINK OUT OF THE BOX — HR EXCELLENCE IN RESEARCH

LAG AGRO LIDER

*Овој бриф за политиките е изработен во рамки на проектот „Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско-платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници", што го спроведува конзорциум од 6 организации составен од: Институт за економски истражувања и политики Finance Think - Скопје; Здружение за истражување и анализи ЗМАИ - Скопје; Аналитика - Скопје; Здружение Гласен текстилец - Штип; Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен Работник - Прилеп; и Здружение за рурален развој ЛАГ Агро Лидер - Кривогаштани, со финансиска поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на овој бриф е единствена одговорност на Finance Think и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.*